„

| | | |
|---|---|---|
| 1.2. | Финансиска поддршка за остварено и продадено или складирано производство на пченица | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат поднесено барање по подмерка 1.1. „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија, освен за тутун“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година, кои имаат засеани и ожнеани површини со пченица и оствареното производство го имаат продадено или складирано кај регистриран откупувач во период од 15 јуни до 31 август 2023 година, вклучително и за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, а се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.<br>2. Максималната количина на пченица која е прифатлива за финансиската поддршка е 5.000 килограми по пријавен хектар по подмерка 1.1. „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија, освен за тутун“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година.<br>3. Висината на финансиската поддршка изнесува 3 денари по килограм. |
| 1.3. | Финансиска поддршка за произведен домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација на пченица и јачмен | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат поднесено барање по подмерка 1.15. „Директни плаќања за произведен и продаден домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација за житни, фуражни, индустриски и градинарски култури“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделство за 2023 година, кои се запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал, кои имаат произведен семенски материјал во 2023 година согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и имаат добиено сертификат за конечно сертифицирано семе од прва и втора генерација на пченица и јачмен.<br>2. Прифатлива количина за сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација на пченица и јачмен се количините наведени во сертификат за конечно сертифицирано семе од реколта 2023 година.<br>3. Висината на финансиската поддршка изнесува 3 денари по килограм за произведена пченица или јачмен од прва и втора генерација за реколта 2023 година. |
| 1.4. | Финансиска поддршка за продадени количини на домат и краставица произведени под контролирани услови | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои се производители на домат и краставици во затворени простории за производство во контролирани услови и кои имаат поднесено барање по подмерка 1.6. „Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за производство под контролирани услови на домати, пиперки и краставици“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделство за 2023 година.<br>2. Висината на финансиската поддршка изнесува 35 денари по килограм за домат кој е произведен и продаден во период од 5 април до 31 мај 2023 година.<br>3. Висината на финансиската поддршка изнесува 30 денари по килограм за краставица која е произведена и продадена во период од 5 април до 15 мај 2023 година. |

“.

II

Во делот III по ставот (5) се додаваат три нови става (6), (7) и (8) кои гласат:

„(6) Финансиската поддршка од делот II за подмерката 1.2. „Финансиска поддршка за остварено и продадено или складирано производство на пченица“ од оваа програма ќе се врши врз основа на податоци за продадена или складирана пченица кај регистриран откупувач во период од 15 јуни до 31 август 2023 година кои до Агенцијата ги доставува Државниот инспекторат за земјоделство за секое земјоделско стопанство одделно, најдоцна до 30 септември 2023 година.

(7) Финансиската поддршка од делот II за подмерката 1.3. „Финансиска поддршка за произведен домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација на пченица и јачмен“ од оваа програма ќе се врши врз основа на поднесено барање за произведен домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација на пченица и јачмен од реколта 2023 година до Агенцијата, најдоцна до 17 ноември 2023 година, заедно со добиените сертификати за конечно сертифицирано семе.